-

ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 08 – 248/5

**Дата:** 02.06.2010

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансискиот извештај на Министерството за финансии – Функции на државата за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирано значително подобрување во имплементирање и постапување по препораките.

Во текот на 2009 година потрошени се средства во вкупен износ од 11,823 илјади денари од Тековната резерва за активности кои можеле да бидат предвидени, за што беа дадени и препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година. Во 2008 година потрошени се средства на овој начин во вкупен износ од 132,613 илјади денари, што споредбено со 2009 година покажува тренд на значајно намалување.

Нереално се прикажани поединечните буџети на дел од буџетските корисници во Завршната сметка за Буџетот која Министерството за финансии ја доставува до Собранието на Република Македонија поради тоа што им се одобруваат средства од Функции на државата како финансиски план (право на трошење) а истите во Завршната сметка на Буџетот се прикажуваат како трошок во разделот Функциите на државата.

Со Одлуки на Влада од разделот Функции на државата како финансиски план на поедини буџетски корисници исплатени се средства во вкупен износ од 953,585 илјади денари од кои 423,583 илјади денари по својата природа можеле да бидат планирани во процесот на изготвување на Буџетот во рамки на поодделните буџетски корисници. На овој начин се намалува транспарентноста на трошењето на јавните средства, имајќи ги предвид одредбите од член 33 од Законот за буџетите, според кои Собранието на Република Македонија одлучува за

прераспределби помеѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите (Точка 4.2.2).

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај како и мислење со резерва во однос на законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2009 година.

Постои значаен настан кој не влијае на мислењето, но сепак треба да се нагласи дека ревизијата е на мислење, Министерството за финансии во соработка со надлежните институции (Државно правобранителство), треба да воспостави систем, со кој извршните решенија ќе се плаќаат веднаш по завршување на судскиот процес кога решението ќе стане правосилно, со што ќе се избегнат трошоците за извршители и затезните камати кои во тој период се пресметуваат а кои заземаат голем процент од вкупните трошоци исплатени по овој основ.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 8 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за финансии – Функции на државата на редовната сметка која се состои од Билансот на приходи и расходи за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансискиот извештај и за усогласеност со закони и прописи за 2008 година на Министерството за финансии – Функции на државата и е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај како и мислење со резерва во однос на законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Д-р Трајко Славески, Министер за финансии и
  Снежана Костадиноска Милошеска, Државен секретар до 23 јули 2009 година,
- м-р Зоран Ставрески, Министер за финансии
  и Наташа Стојманова, Државен секретар од 23 јули 2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај кој што е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за финансии – Функции на државата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај е во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот

извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10/03/2010 до 10/04/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР во претходната година. Подолу се дадени резултатите од оваа ревизија.

Констатирано е постапување по препораките од ревизорскиот извештај од минатите години. Препораката која се однесува за користење на средствата од Тековните резерви не е целосно прифатена, но има значително намалување во користење на буџетските средства од тековните резерви за намени кои можеле да се предвидат во буџетите на буџетските корисници.

## 4. Наоди и препораки

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Со увид во позицијата – Други тековни расходи, ревизијата констатира дека се исплатени средства во износ од 39.517 илјади денари на Авто мото сојуз на Македонија по основ на провизија за извршени услуги од Договорот за наплата на царински персонални давачки, друмски такса, административни такси и визи како и надомест по основ на договорот за вршење на функциите на јавното овластување на службата – Помош -Информации (СПИ) и нејзино финансирање (83% од наплатените средства за регистрацијата на моторни возила). Наплатата на јавните давачки Авто мото сојуз на Македонија во име на државата ги врши преку своите подрачни единици лоцирани на граничните премини врз основа на документација која царинската испостава ја дава на физичките лица-обврзници на јавните давачки.

Ревизијата го констатира следното:

- ✓ Јавното овластувања на ова здружение не е стекнато врз основа на законска постапка туку со директно склучување на договор поради неопходноста во тој период (1996 година) да се наплатат јавни приходи на граничните премини иако институцијата не е надлежна за вршење на платен промет ;

- ✓ Заради недоволно воспоставениот систем на контрола со кој ќе се обезбеди комплетност на наплатените приходи по овој основ, Министерството за финансии нема целосен увид во висината на средствата кои Авто мото сојуз на Македонија ги наплаќа од обврзниците на овие јавни давачки како и висината на средствата кои претставуваат приход за Централниот буџет.

Наведеното има влијание на реалното и објективно прикажување на Билансот на приходи и расходи.

Одговорните лица во Министерство за финансии, согледувајќи ги слабостите на воспоставениот систем на наплата на овие јавни давачки во текот на 2009 година го раскинаа договорот со Авто мото сојуз на Македонија и пристапија кон изнаоѓање решение кое ќе овозможи поефикасно и потранспарентно вршење на наплатата на јавните давачки.

## 4.2. Користење на средствата согласно законските прописи

4.2.1. Со увид во сметководствената евиденција на позицијата Тековна резерва, ревизијата констатира дека дел од средствата во вкупен износ од 11,823 илјади денари се потрошени за активности кои неможат да се квалификуваат како – непредвидени случаи, за што всушност е планирана тековната резерва согласно член 11 од Законот за буџетите.

Средствата се исплатени врз основа на Одлуки на Владата на Република Македонија и тоа на здруженија на граѓани, спортска федерација и друг вид исплати.

Препораките во ревизорските извештаи за претходните години дека согласно член 11 од Законот за буџетите, средствата од тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни , се земени во предвид, така што износот на искористените средства за оваа намена е намален во однос на 132.613 илјади денари колку што се потрошени во 2008 година.

**Препорака:**

Министерството за финансии да спроведе надополнување на членот 11 од Законот за буџетите и да утврди критериуми за користење на средствата од тековната резерва.

4.2.2. Согласно член 6 став 9 од Законот за извршување на буџетот за 2009 година кога Владата на Република Македонија одобрува средства од разделот Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник. Средствата се исплаќаат директно од сметката на Основниот буџет на Република Македонија на сметките на буџетските корисници. Ревизијата констатира дека согласно воспоставената пракса, Министерството за финансии при доставување на Завршна сметка за Буџетот до Собранието на Република Македонија дополнително ги прокнижува овие исплати на сметка

на разделот Функции на државата, иако трансферот на буџетските средства не се врши преку сметката на овој раздел. Поради тоа се јавува разлика помеѓу извршувањето во разделот Функции на државата прикажан во годишната сметка на Министерството за финансии и извршувањето во истиот раздел прикажан во Завршната сметка за Буџетот.

Со Одлуки на Влада од разделот Функции на државата како финансиски план на поедини буџетски корисници над одобрените буџети, одобрени и исплатени се средства во износ од 953,585 илјади денари, од кои 530,002 илјади денари по својата природа може да се планираат во процесот на изготвување на буџетот на Функции на државата.

Остатокот од одобрени и исплатени средства во износ од 423,583 илјади денари по својата природа можеле да бидат планирани во процесот на изготвување на Буџетот во рамки на поедините буџетски корисници и тоа:

- на Министерството за правда префрлени се средства во износ од 85,250 илјади денари или 26,25% над одобрениот буџет наменети за адвокатски услуги, набавка на книги и друго;
- на Министерството за култура и Финансирање на дејности од областа на културата префрлени се средства во износ од 251,500 илјади денари или 8% над одобрениот буџет наменети за одбележување на државни празници и изградба на културни објекти;
- на Претседателот на РМ во износ од 4.000 илјади денари или 7,13% над одобрениот буџет, наменети за покривање на трошоци по доспеани обврски;
- на Дирекција за заштита и спасување во износ од 50,000 илјади денари или 8% над одобрениот буџет, наменети за набавка на опрема;
- на Министерство за транспорт и врски во износ од 17,373 илјади денари наменети за спогодбата по договор за доделување на користење на градежно земјиште;
- на Министерство за надворешни работи во износ од 2,100 илјади денари за организирање на активност во амбасада;
- Македонска академија на науките и уметностите во износ од 2,500 илјади денари за реализација на проектот Македонска енциклопедија на МАНУ;
- На Агенција за странски инвестиции за организирање и одржување на бизнис форум во износ од 7,860 илјади денари.
- На Министерство за финансии во износ од 3,000 илјади денари за организација на обука.

На овој начин:

- нереално се прикажани поединечните буџети на оние буџетски корисници за кои се однесуваат овие плаќања и се јавува разлика помеѓу извршувањето кај овие буџетски корисници прикажано во годишните сметки и нивното извршување прикажано во Завршната сметка на Буџетот;

- им се одобруваат средства на поединечни буџетски корисници во поголеми износи од одобрените буџети со што се намалува транспарентноста на трошењето на јавните средства;
- не постои суштинска примена на буџетскиот процес односно не се усогласуваат целите на буџетските корисници со стратешките приоритети во фазата на планирање на Буџетот а дел од трошењето на средствата е врз основа на одлуки донесени од Владата на РМ.

**Препорака:**

Постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија како и известувањето за извршување на истите согласно член 3 од Законот за Буџетот, меѓу другите начела, треба да се заснова и на буџетското начело транспарентност, кое подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на Буџетот.

5. Според наше мислење, финансискиот извештај ја претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за финансии–Функции на државата на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови во годината за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

6. Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај на Министерството за финансии – Функции на државата, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

7. **Нагласување на прашања на неизвесност**

Од вкупните трошоци за Разни трансфери, исплатени се 714.813 илјади денари по основ на судски решенија по различни основи. Поради ненавремено извршување на истите се генерираат трошоци за извршување (каматата за главниот долг како и каматите за останатите трошоци).
Ревизијата е на мислење дека Министерството за финансии во соработка со надлежните институции (Државно правобранителство), треба да воспостави систем, со кој извршните решенија ќе се плаќаат веднаш по завршување на судскиот процес кога решението ќе стане правосилно, со што ќе се избегнат трошоците за извршител и затезните камати кои во тој период се пресметуваат а кои заземаат голем процент од вкупните трошоци исплатени по овој основ.

Скопје, 31/05/2010 година                                        Овластен Државен Ревизор



***Овластен државен ревизор***

____________________________

**Министерство за финансии**
**Функции на државата**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 15,816,603 | 15,375,385 |
| **Вкупно приходи** | **15,816,603** | **15,375,385** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 158,190 | 327,916 |
| Стоки и услуги | 135,134 | 162,066 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 2,339,744 | 1,953,645 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 1,159,849 | 989,000 |
| Каматни плаќања | 1,252,463 | 1,277,572 |
| Субвенции и трансфери | 2,435,385 | 2,349,796 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,480,765** | **7,059,995** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,353,586 | 3,005,809 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,353,586** | **3,005,809** |
| **Отплата на главнина** | **5,982,252** | **5,309,581** |
| **Вкупно расходи** | **15,816,603** | **15,375,385** |